ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# АНАЛИЗА

**на спроведени надзори над стручната работа**
**во центри за социјална работа во центри за социјална работа во 2020**
**година во проблематика на брак и семејство**

**СКОПЈЕ, април 2021 година**

**СОДРЖИНА**


1. ПРЕГЛЕД ... 2
   - 1.1. Методологија на спроведување на анализата ... 3
   - 1.2. Предмет на анализа ... 3
   - 1.3. Цели на анализа ... 3
2. СОСТОЈБА ОД СПРОВЕДЕНИ НАДЗОРИ ВО 2020 ГОДИНА ВО ЦСР НА РСМ ... 5
   - 2.1. Состојба на следење на определените мерки и препораки ... 7
   - 2.2. Подносител и предмет на претставка ... 8
   - 2.3. Претставката се однесува на стручно лице или служба ... 9
   - 2.4. Постапка на која се врши надзор ... 10
   - 2.5. Проценка на родителските капацитети ... 10
   - 2.6. Проценка на состојбата и потребите на детето ... 11
   - 2.7. Примена на методи, техники и инструменти во проценка ... 11
   - 2.8. Примена на мерки на заштита на дете ... 14
   - 2.9. Примена на мерки од вршење надзор над родителското право ... 14
3. МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ОПРЕДЕЛНИ ОД ЗСД ЗА ПОНАТАМОШНОТО ПОСТАПУВАЊЕ НА ЦСР ... 16
4. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ... 17
5. ПРЕПОРАКИ ... 20

ПРИЛОГ ... 17

Прашалник за констатирана состојба при спроведување  надзор во ЦСР во проблематика  на брак и семејство ... 22

## 1. ПРЕГЛЕД

ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје ( во продолжение Завод) е установа од јавен карактер во системот на социјална заштита која ги следи и проучува социјалните појави и ја унапредува социјалната дејност. Согласно Законот за социјалната заштита Заводот е овластен да врши надзор над стручната работа во установите за социјална заштита и работниците во нив, како и над другите даватели на социјални услуги.

Во вршењето на надзорот над стручната работа учествуваат вработените во Заводот кои не можат да бидат со помал степен на стручна подготовка од степенот на стручната подоготовка на работниците врз чија работа се врши надзорот.

Надзорот над стручната работа се врши заради согледување, следење, контрола, увид и унапредување на начинот и квалитетот на стручната работа и ефикасноста во остварување на функциите во установите за социјалната заштита и другите даватели на социјални услуги. Со надзорот се дава стручна помош и поддршка во работата на установата за социјална заштита и на стручните работници во неа.

Надзор над стручната работа се врши врз основа на годишна програма за работа на Заводот, по барање на Министерството за труд и социјална политика и Народниот правобранител.

Надзорот над стручната работа го утврдува и проценува начинот на кој е извршена стручната работа и се согледуваат евентуални недостатоци во постапување во сите фази, и тоа во делот на:

- Примена на мерки на помош и заштита согласно законските одредби и надлежности;
- Примена и почитување на законски и подзаконски акти;
- Примена на стручни методи, техники и инструменти за проценка на состојбата и степенот на социјален ризик на корисникот, неговите потреби и сили, како и на семејството и пошироката социјална средина;
- Начин на стручна работа со корисници и нивна вклученост во постапка;
- Примена и квалитет на содржина на пропишана стручна документација;
- Ниво на соработка и вмрежување со други релевантни субјекти;
- Почитување на етички кодекс за стручните работници во дејноста социјална заштита (од 2020 година)

За секој извршен надзор по констатирана состојба на стручната работа во предмет кој се води во центар за социјална работа (во продолжение ЦСР), советниците од Заводот кои го извршиле надзорот составуваат извештај во кој се утврдува состојбата по односниот предмет, евентуалните пропусти и недостатоци во спроведување на стандарди и процедури на стручната работа Согласно утврдената состојба, во извештајот од спроведениот надзор се определуваат мерки и/или препораки за понатамошно постапување на ЦСР по предметот, со определени рокови за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

Во ситуации кога нема суштински недостатоци, се даваат препораки за понатамошниот тек на стручната работа на ЦСР. Извештајот се доставува до МТСП и Народниот правобранител (доколку се јавува како директен барател) и до надлежниот центар за социјална работа.

### 1.1. Методологија на спроведување на анализата

ЈУ Завод за социјални дејности во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година согласно Програмата на работа за 2020 година, продолжи со реализирање на активности за следење и анализа на спроведените надзори над стручната работа по предмети во центрите за социјална работа кои се однесуваат на проблематиката брак и семејство, а која активност Заводот ја реализираше во 2019 година.

За секој спроведен надзор над стручна работа по предмет овластените советници кои што беа извршители на надзорот, пополнуваа Прашалник (Прилог 1) со индикатори за утврдување на состојбите во предметот на корисникот констатирани при спроведувањето на надзорот над стручната работа.

### 1.2. Предмет на анализа

Предмет на оваа анализа се податоци и информации добиени преку прашалниците од спроведени надзори над стручната работа во центрите за социјална работа во РС Македонија кои Заводот ги реализираше во текот на 2020 година по барања на Министерството за труд и социјална политика, како и Народниот правобранител.

Анализата дава преглед на фактичката состојба и постапувањето на стручните работници во центрите за социјална работа во однос на конкретни постапки од проблематиката брак и семејство. Исто така, анализата дава информации и за начинот на кој се обезбедуваат социјалните услуги на стручна помош и поддршка со посебен акцент на квалитетот на преземените активности и мерки во заштита на правата и интересите на детето.

### 1.3. Цели на анализата

1. Согледување на клучните предизвици со кои се соочуваат ЦСР при обезбедување на социјалните услуги во постапките кои се однесуваат на бракот и семејството.
2. Идентификување на потребите за развој на социјални услуги во ЦСР поврзани со проблематиката брак и семејство .
3. Утврдување на подрачја од стручната работа во ЦСР кои имаат потреба од унапредување и осовременување.

ЈУ Завод за социјални дејности во 2019 година изработи анализа на состојбите на спроведена стручната работа во предметите на проблематиката брак и семејство во центрите за социјална работа преку податоци и информации од спроведените

надзори. Заради континуирано следење на состојбите во делот на стручната работа и постапувањата на центрите за социјална работа на проблематиката брак и семејство, Заводот продолжи и во 2020 година да реализира активности согласно определената методологија за изработка на анализата.

Карактеристично за 2020 година е епидемијата со корона вирусот во светски размери, прогласување на вонредна и кризна состојба во државата, мерки и препораки за зачувување на јавното здравје и изменетиот начин и динамика на работењето на установите за социјална заштита поради што дел од активностите поврзани со надзорот над стручната работа се реализираа во променети услови и околности, покрај физичко присуство и преку електронски платформи и електронски средства за комуникација.

## 2. СОСТОЈБА ОД СПРОВЕДЕНИ НАДЗОРИ ВО 2020 ГОДИНА ВО ЦСР НА РСМ

Според податоците од Извештајот за работа на ЈУ Завод за социјални дејности Скопје за 2020 година спроведени се 61 надзор над стручната работа по предмети во центрите за социјална работа во РСМ.

Споредбено со податоците за 2019 година кога вкупно беа релизирани 73 надзори, состојбата во 2020 година укажува на намалување на вкупниот број на барања за спроведување на надзори на стручната работа за 16 %.

Од нив 53 (87%) се однесуваат на предмети од проблематиката на бракот и семејството, односно заштита на правата и интересите на дете во постапки на развод на брак, регулирање на лични односи и непосредни контакти со родител/близок сродник, вршење на родителското право и други постапки кои го уредуваат односот родител-дете. Спроведените 53 надзори се однесуваат на 51 предмет од причина што за два предмети во 2020 година Заводот спроведе надзор над стручна работа два пати.

Од вкупниот број на извршените надзори на проблематиката брак и семејство (53), 43 надзори се однесуваат на регулирање на односи родител - дете (уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кого не живее и доверување на дете), 4 надзори се по предмети за уредување на лични односи на дете со блиски сродници, 1 надзор се однесува на изјава дадена на медиум во однос на одржување на лични односи и непосредни контакти дете - родител, 9 надзори се за искажано незадоволство во постапувањето за заштита од семејно насилство и 4 надзори се однесуваат на предмети за злоупотреба на дете и заштита на правата на детето.

Во однос на месно наделжноста на ЦСР кои постапувале по предметите на кои е извршен надзор над стручната работа од проблематиката на бракот и семејството од вкупно 30 центри за социјална работа, надзори се спроведени во 17 ЦСР, и тоа во:

- ЈУ МЦСР на град Скопје - 17 надзори
- ЈУ МЦСР Битола -7 надзори
- ЈУ МЦСР Радовиш - 4 надзори
- ЈУ МЦСР Струмица-4 надзори
- ЈУ МЦСР Струга -3 надзори
- ЈУ МЦСР Штип -3 надзори
- ЈУ МЦСР Кавадарци-2 надзори
- ЈУ ЦМСР Кичево – 2 надзори
- ЈУ МЦСР Неготино-2 надзори
- ЈУ МЦСР Охрид -2 надзори
- По еден надзор бил спроведен во центрите за социјална работа во Велес, Демир Хисар, Кочани, Крушево, Куманово, Пробиштип и Тетово.

По барање на Министерство за труд и социјална политика за искажано незадоволство од постапувањето на ЦСР по поднесена претставка од корисник, Заводот спровел 51 надзор, а 2 надзори се по барање на Народен правобранител.

Евидентно во *Табелата 1* која дава преглед на спроведени надзори според месна надлежност, односно по ЦСР е дека најмногу надзори на стручната работа во предмети по претставки се реализирани во ЈУ МЦСР на град Скопје, и тоа 17 надзори се однесуваат на 16 предмети што претставува 32% од вкупно спроведените надзори во 2020 година.

Ова е резултат на фактот што градот Скопје има најголем број на општини и жители,следствено  најголем број на корисници и предмети во работа во ЦСР поради што очекуван и најголем број на претставки од корисниците.

Во 2020 година бројот на надзори кои се реализирани во ЈУ МЦСР на град Скопје во 2020 година е намален за 10% во однос на минатата година, кога процентот на спроведените надзори изнесуваше 43% од вкупната бројка на надзори во 2019 година. Останатите надзори на стручната работа во текот на 2020 година се реализирани во 16 центри за социјална работа во РС Македонија.

***Табела*** *- Број на реализирани надзори над стручна работа по предмети во ЦСР во делот на брак и семејство во 2020 година и вкупен број на предмети од надзор*

| Реден број | ЦСР | Број на предмети во ЦСР од надзор | Број на спроведени надзори | Вклученост во постапување во предмет на друг ЦСР за кој има претставка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Скопје | 16 | 17 | Охрид, Радовиш, Тетово, Битола |
| 2 | Битола | 6 | 7 | Прилеп |
| 3 | Радовиш | 4 | 5 | Тетово |
| 4 | Струмица | 4 | 4 | |
| 5 | Струга | 3 | 3 | Охрид |
| 6 | Штип | 3 | 3 | |
| 7 | Кавадарци | 2 | 2 | Битола, Свети Николе |
| 8 | Кичево | 2 | 2 | |
| 9 | Неготино | 2 | 2 | |
| 10 | Охрид | 2 | 2 | |
| 11 | Велес | 1 | 1 | |
| 12 | Демир Хисар | 1 | 1 | |
| 13 | Кочани | 1 | 1 | |
| 14 | Крушево | 1 | 1 | |
| 15 | Куманово | 1 | 1 | |
| 16 | Пробиштип | 1 | 1 | |
| 17 | Тетово | 1 | 1 | - |
| **ВКУПНО** | | **51** | **53** | **9** |

Со оглед дека проблематиката на предметите се однесува на дисфункционални семејства во услови на разделеност или развод на партнерите, во одреден број на предмети (9) во постапките се вклучени два или повеќе ЦСР (во зависност од местото на живеење или престој на детето, родителите/блиски сродници), и тоа во:

- **ЈУ МЦСР на град Скопје** - од вкупно **17** спроведени надзори во 2020 година , во 5 предмети за кои претставката се однесувала на стручната работа на ЦСР Скопје има постапување и на друг ЦСР, и тоа: во два предмети има постапување на ЦСР Охрид, а во други три надзори за предметите постапувал ЦСР Радовиш, ЦСР Тетово и ЦСР Битола;
- ЈУ МЦСР на град Скопје Скопје за еден ист предмет спроведени се 2 надзори над стручната работа.
- **ЈУ МЦСР Битола** –од вкупно спроведени 7 надзори за еден предмет постапувал и ЦСР Прилеп;
- **ЈУ МЦСР Битола** за еден од предметите надзор бил реализиран и по втор пат
- **ЈУ МЦСР Радовиш** – од вкупно спроведени 4 надзори за еден предмет постапувал и ЦСР Тетово;
- **ЈУ МЦСР Струга** –од вкупно спроведени 3 надзори за еден предмет постапувал и ЦСР Охрид;
- **ЈУ МЦСР Кавадарци**-од вкупно спроведени 2 надзори во едниот предмет има постапување на ЦСР Битола, а во другиот постапувал ЦСР Свети Николе и
- **во два ЦСР** има само вклученост во постапување во предметот врз кој е извршен надзор над стручната работа по претставка до друг ЦСР, и тоа се Прилеп (со Битола) и Свети Николе (со Кавадарци);

**Во 2020 година претставки немало во 11 ЦСР, односно не се спроведени надзори над стручна работа по предмети од проблематиката на брак и семејство во следниве ЦСР**: Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кратово, Крива Паланка, Македонски Брод, Прилеп, Ресен и Свети Николе.

### 2.1. Состојба на следење на определените мерки и препораки

За секој спроведен надзор над стручна работа овластени советници од Заводот изработуваат извештај за констатирана состојба и утврдени недостатоци во стручната работа. Согласно утврдената состојба во извештајот се определуваат препораки и мерки, или само препораки, односно мерки и тековно се следи постапувањето на ЦСР по истите.

Во однос на тоа дали по одреден предмет имало надзори во претходните години, од добиените податоци од прашалникот и од евиденција на Заводот е утврдено

дека во предмети од надзорите извршени во текот на 2020 година имало спроведено надзори и во претходните години (2015, 2017, 2018 и 2019 година).

Од вкупниот број на предмети за кои Заводот и во претходни години спроведе надзор над стручна работа, 4 предмети се однесуваат на ЈУ МЦСР на град Скопје, а останатите 7 предмети се однесуваат на ЦСР: Битола, Кавадарци, Неготино, Охрид и Радовиш. За ист предмет во 2020 година по два надзори се спроведени во ЈУ МЦСР Скопје за еден предмет и во ЈУ МЦСР Битола за еден предмет.

Во однос на следењето од страна на Заводот на постапувањето на ЦСР во делот на примена на определените мерки и препораки од надзорот, се констатира дека центрите за социјална работа генерално постапуваат по однос на истите, но нередовно го информираат Заводот за преземените активности.

Според добиените податоци констатирана е следната состојба:

- во 7 предмети ЦСР постапил по мерките и препораките на Заводот во определен рок
- во 3 предмети ЦСР постапил по мерките и препораките за заштита на детето без да се постигнат очекувани ефекти
- во 3 предмети ЦСР доставил известување за преземени активности,
- за 2 предмети ЦСР не доставил известување, за што Заводот писмено се обратил до ЦСР да се достави потребната докуметација за следење на предметот и
- за 38 предмети постапките на ЦСР се во тек.

Во одредени предмети кога не се постигнати потребните очекувања во надминување на состојбите во насока на заштита на детето/семејството, Заводот преку работни и координативни средби дава насоки за преземање на конкретни понатамошни активности во најдобар интерес на детето.

## 2.2. Подносител и предмет на претставка

Корисниците или други заинтересирани лица или институции доколку сметаат дека во некој сегмент стручната работа не е спроведена во нивен најдобар интерес или во најдобар интерес на детето, имаат можност да се обратат до МТСП со барање да се изврши стручен надзор во предметот кој се води во ЦСР.

Надзорите над стручна работа кои ги спроведува Заводот по барање на Министерство за труд и социјална политика најчесто се иницирани од корисниците на социјални услуги поради забелешки и незадоволства од стручните работници при постапувањето.

Констатирана е следната состојба по однос на подносител на претставката:

- мајка -24
- татко - 20

- блиски сродници - 4
- Народен Правобранител - 2
- НВО ЕСЕ - 1
- една претставка е поднесена од граѓани и
- една од поранешен вонбрачен партнер како родител.

Според содржината на претставките, во најголем број на претставки има повеќе елементи на изразено незадоволство кои се однесуваат на стручната работа на ЦСР, и тоа:

- Во 18 предмети од надзорите во претставките е изразено **незадоволство од неаргументираност на донесените одлуки во ЦСР**, а во 2 предмети незадоволство е изразено за **неинформираност за донесената одлука** по завршување на постапка во ЦСР.
- Во 29 предмети е искажано незадоволство заради **субјективност и непрофесионалност на стручни лица во ЦСР.**
- Во 7 предмети претставката се однесува на **вкучување/не вклучување на детето во стручната работа**.
- Заради **неефикасност во извршување на решенијата на ЦСР се поднесени претставки** во 4 предмети. Ова најчесто се однесува на постапки и донесени решенија за уредување лични односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој што не живее, или решение кое се однесува на некоја од мерките на надзорот над вршење на родителското право.
- Во 22 предмети во кои е спроведен надзор претставките се однесувааат на **ненавремено преземање на мерки на помош и заштита** што за разлика од изминатата 2019 година е во забележителен пораст. Во 2019 година процентот на ова незадоволство во однос на вкупниот број претставки со барања за надзор изнесувале 18%, додека во 2020 година се однесува на вкупно 41%.
- Во поголем број од претставките или во 22, меѓудругото е изразено и незадоволоство од работата на стручниот тим кој постапува и честата промена на стручните работници во ЦСР.
- Во еден предмет има искажено незадоволство од мислењето за доверување на дете во постапка по барање на суд за развод на брак и доверување на дете.

## 2.3. Претставката се однесува на стручно лице или служба

Во однос на тоа на кого се однесува претставката во 2020 година, од вкупно 53 реализирани надзори во ЦСР во 5 надзори во претставката е посочено конкретно стручно лице, односно стручен тим кој постапува по предмет во ЦСР, и тоа во Битола, Скопје и Радовиш. Во тие претставки се наведени незадоволства и

перцепција на корисникот за необјективност во постапување и носење одлуки и одредено етички непрофесионално однесување. Во останатите претставки е изразено општо незадоволство од работењето на стручните служби во ЦСР без именување на конкретни стручни лица или стручен тим .

## 2.4. Постапка на која се врши надзор

За реализираните надзори во 2020 година е направен увид во стручната документација во 51 предмет во ЦСР за кои се спроведени 67 постапки кои се однесуваат на проблематика - брак и семејство. Ова укажува на тоа дека во поголем број од предметите се воделе повеќе од една постапка за заштита на дете во ситуација на развод на брак, разделеност односно неусогласеност помеѓу родителите за одредени прашања за детето.

Постапки во ЦСР на која се врши надзор:

- мировна постапка/доверување на дете на родител -9
- измена на одлука за доверување - 8
- регулирање на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кого не живее - 38
- регулирање на лични односи и непосредни контакти со близок сродник - 3
- вршење надзор над родителското право - 4
- постапка за иселување на дете од државата – 1
- семејно насилство - 12
- друго – 4 (патна исправа, промена на лично име,определеување старател, сомнеж за полово дејствие и одземање на родителското право)

Евидентно е дека најмногу надзори над стручната работа во 2020 година се однесуваат на постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој што не живее, и тоа во 38 предмети или 71,6 % од вкупно реализираните надзори.

Карактеристично е тоа што во 12 предмети за кои е спроведен надзор во 2020 година за кои се воделе постапки од проблематиката на брак и семејство, паралелно се воделе и постапки за заштита од семејно насилство што укажува на комплексноста и тежината на нарушени партнерски и родителски релации кај тие семејства.

## 2.5. Проценка на родителските капацитети

Преку спроведување на надзорот, меѓудругото се согледува начинот на кој е извршена стручната работа во делот на проценката и тоа, дали се применети стручни методи, техники и инструменти за проценка на состојбата, степенот на

ризик, потребите и потенцијалите на корисниците (родителите/детето), како и тоа односно дали родителите/детето активно се вклучени во проценката.

Според добиените податоци во предметите во кои во 2020 година е спроведен надзор над стручната работа, констатирана е следната состојба по однос на проценката на родителските капацитети:

- вклученост на двата родители во проценка - 42 предмети
- стручна работа само со еден родител/подносител на претставка- 6 предмети
- стручна работа само со друг родител -3 предмети
- родителите не се вклучени во проценката -2 предмети
- вклучени други ресурси -3 предмети

Во предметите во кои е спроведена стручната работа само со еден родител најчесто е поради недостапност на другиот родител, кога престојува или живее во странство. Во два предмети родителите не биле директно вклучени во стручната работа при ЦСР заради постоење на ризик во услови на пандемијата, а во актуелната проценка се користени сознанија од претходно извршени проценки. За проценката на родителските капацитети во 3 предмети се вклучени други ресурси, како психолог и психотерапевт.

## 2.6. Проценка на состојбата и потребите на детето

Според добиените податоци од предметите во кои во 2020 година е спроведен надзор над стручната работа, констатирана е следната состојба по однос на начинот на спроведена проценка на состојбата и потребите на детето:

- преку директна стручна работа со дете – 34 предмети
- преку директна стручна работа со родители – 11 предмети
- во процената се вклучени други семејни и социјални ресурси – 13 предмети
- проценката не е спроведена – 8 предмети

Евидентно е дека во 34 предмети за кои во 2020 година е спроведен надзор над стручната работа има директна вклученост на дете при проценката или во 64 %.од постапките. Проценка на детето во 11 предмети или 21% е направена преку директна стручна работа со родителите. Поради безбедносни причини во услови на пандемијата заради заштита пред се на здравјето на корисниците, во 8 предмети не била направена проценка, а во постапувањето на ЦСР биле земени предвид претходни сознанија за состојбите и потребите на децата.

## 2.7. Примена на методи, техники и инструменти во проценка

Од анализа на спроведените надзори може да се констатира дека од вкупно 53 спроведени надзори над стручна работа, во 10 предмети нема примена на техники

за процена и таа констатација е наведена во извештаите од спроведен надзор со определување на мерки за понатамошно постапување на ЦСР. Во останатите 43 предмети или 81% стручните работници во проценката користеле методи и техники за проценка.

Користени методи и техники во проценка во предметите во кои е извршен надзор

- техника „Триаголник на мојот свет/Рамка за процена “- 3
- скали на процена - 24
- увид во домот -35
- други техник -9
- не се применети -10

Во однос на техниката „*Триаголник на мојот свет*“ анализата на спроведените надзори во 2020 година покажува значително намалена примена во однос на анализата за 2019 година. Во 2019 година оваа техника била применета во 21 % во предметите, додека во 2020 година во само 4% од предметите на спроведени надзори над стручна работа.

Во 24 предмети проценката е направена со примена на скали за проценка. Во 5 предмети е применета „*Скала на стамбени услови на корисникот*“ која ги прикажува животните услови на семејството во поглед на развој на детето. Друга почесто користена скала за проценка е „*Прашалник на сили и потешкотии*’ кој е применет во 10 од предметите за кои е спроведен надзор во 2020 година. Исто така за проценка користени биле и: „*Прашалник за проценка на родителски капацитет*“, „*Културограм“, „Матрица на отпорност“, „Тест за родителски воспитни стилови“, техника на цртеж, техника „Три куќи“ и „Конерсова скала* “.

Примена на елементи од проценката во градење на стручно мислење

Според добиените податоци од предметите во кои во 2020 година е спроведен надзор над стручната работа, констатирана е следната состојба по однос на примена на добиените сознанија од проценката во стручни наоди, заклучоци и препораки:

- целосно се инкорпорирани - 12
- делумно се инкорпорирани 29
- нема елементи од стручна процена - 12

Од увидот во предметите на кои е спроведен надзор се констатира дека во стручните наоди и мислења елементите од направената проценка целосно се содржани во 22% од предметите, делумно се инкорпорирани во 55% од предметите и во 22% од предметите заклучоци и мислење во стручните наоди не се базираат на елементи од стручната проценка.

Во овој сегмент констатираната состојба преку анализата на спроведените надзори над стручна работа во ЦСР во текот на 2020 година е слична со податоците добиени во анализата на предметите од надзори за претходната 2019 година .

План за индивидуална работа со корисник

Според добиените податоци од предметите во кои во 2020 година е спроведен надзор над стручната работа, констатирана е следната состојба по однос на Планот за индивидуална работа со корисник на социјални услуги:

- формален без вклученост на корисник - 38
- функционален со вклученост на корисник - 11
- нема Индивидуален план - 4

Од добиените податоци од вкупно спроведените 53 надзори во 92 % е содржан План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги, додека само во 4 предмети од надзорите или (7,5 %) недостасува овој стручен документ.

Во најголем дел, односно кај 72% од изготвените Планови за индивидуална работа со корисник по содржина се формални и нема вклученост на корисникот. Во 11 предмети од надзорите или 21% не се констатирани недостатоци и забелешки бидејќи плановите се функционални, со јасно поставени цели, задачи, рокови и извршители како и вклученост на корисникот.

Во однос на анализата на предметите од надзор за 2019 година се бележи унапредување на стручната работа во делот на изработка на планот односно, има пораст на функционални планови за индивидуална работа со корисник на социјални услуги, и тоа од 4,6% на 21% од вкупниот број на предмети во кои е извршен надзор.

Постапување, вклученост и соработка со други институции

Од анализата на спроведените надзори над стручна работа по предмети во ЦСР констатирано е дека во 32 предмети постапувале и други органи т.е. институции, и тоа:

- Во 22 предмети постапувало Министерство за труд и социјална политика како второстепен орган во жалбена постапка против решенија на ЦСР.
- Во 12 предмети постапувал Народен Правобранител.
- Во 9 предмети бил спроведен инспекциски надзор од страна на социјална инспекција при МТСП.
- За еден предмет е иницирана постапка пред Европски суд за заштита на човекови права.
- За 10 предмети се водат постапки пред Управен суд и ОЈО.

Во однос на соработката со други релевантни субјекти во текот на стручната работа, во предметите по кои е спроведен надзор реализирана е соработка и вклученост со други сектори и институции во 44 предмети или 83%, и тоа:

- со суд- 24
- со МВР - 18
- упатување на корисници во советувалиште во 14 предмети
- со образовни установи - 12
- со здравствени институции - 14
- во 9 предмети нема реализирано соработка со другите институции.
- во еден предмет има реализирана соработка со Министерство за правда за обезбедување правна помош за корисници на социјални услуги.

## 2.8. Примена на мерки за заштита на дете

Центарот за социјална работа презема мерки и активности за заштита на правата и интересите на детето во услови на разделеност/развод на родителите. Доколку родителите не се спогодат околу вршењето на родителското право, тогаш ЦСР по спроведена постапка донесува соодветни акти со кои го регулира односот родител-дете (спогодба, решение, заклучок).

<u>Донесени акти за остварување на права и интереси на детето:</u>

- спогодба за регулирање на лични односи и непосредни контакти - 0
- решение за регулирање на лични односи и непосредни контакти - 43
- друго 9
- во фаза на преземање мерки -2

Констатирано е дека во 43 или во 81 % од предметите ЦСР донел р*ешение* со кое се уредени лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник, во еден предмет е донесено решение за забрана на одржување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее, во седум предмети е изготвено решение за надзор над вршење родителско право.

Во два предмети при спроведување на надзорот се констатирало дека не биле донесени акти од причина што предметот во тој период бил во фаза на преземање на мерки, односно постапките биле во тек.

## 2.9. Примена на мерки од вршење надзор над родителското право

Во системот на социјална заштита, согласно Закон за семејството, центрите за социјална работа претставуваат орган за старателство и имаат широки овластувања во насока на заштита на правата и интересите на децата.

Интервенциите како мерки на заштита, најчесто содржат примена на превентивни и репресивни мерки за вршење надзор над родителското право.

Од анализа на податоците, констатирано е дека од вкупно 53 спроведени надзори над стручна работа 51% од предметите во ЦСР има примена на мерки од надзорот на родителското право, а во останатите 26 предмети не се применети ниту превентивни ниту репресивни мерки.Споредбено со податоците од анализата за 2019 година, состојбата е идентична.

<u>Примена на форма и вид на мерка:</u>

- Превентивни мерки
    - предупредување на родител/и - 5
    - укажување на родител/и - 10
    - упатување на родител/и - 11
- Репресивни мерки
    - решение за надзор над родителско право -7
    - времено доверување на друг родител/трето лице - 0
    - ограничување/забрана на вршење на рп -0
    - одземање на РП 1 (мајка)

**Од превентивни мерки** најмногу е користена мерката *укажување* до родител, а родителите најчесто се упатени во советувалиште во рамките на ЦСР или во здравствена установа Служба за ментално здравје на деца и младинци во Скопје и Битола.

**Од репресивните мерки** најмногу применета мерка е *решение за надзор над вршење на родителско право.*

Во 26 од предметите во кои нема примена ниту превентивните ниту на корективните мерки од надзор над вршење на родителско право, истото е констатирано како недостаток и во извештајот од спроведениот надзор поради што се и предложени мерки и препораки за репроценка на состојбата и потребите и примена на соодветни мерки на вршење надзор над родителското право во понатамошно постапување со цел заштита на детето.

## 3. МЕРКИ И ПРЕПОРАКИ ОПРЕДЕЛНИ ОД ЗСД ЗА ПОНАТАМОШНОТО ПОСТАПУВАЊЕ НА ЦСР

Во согласност со утврдените недостатоци во пружање на социјални услуги и постапување на стручни лица во ЦСР, за секој предмет по спроведениот надзор над стручната работа во извештај се определуваат мерки и/или препораки за понатамошното постпување.

Од спроведените надзори во 2020 година се констатира дека Заводот во:

- 29 надзори определи мерки и препораки и
- 24 надзори определи само препораки за постапување

Во споредба со состојбата во 2019 година нема разлики - констатирано е дека од вкупниот број на извршени надзори над стручната работа во 2019 година во 57% од надзорите се определени мерки и препораки, додека во 2020 година тој процент изнесува 55%. Во преостанатаите реализирани надзори се дадени само препораки.

Овластени советници на ЈУ Завод за социјални дејности Скопје кои го спроведуваат надзорот на стручната работа на центарот за социјална работа го пишуваат извештајот кој содржи констатирана фактичка состојба, утврдени недостатоци, предложени мерки, препораки и рокови за отстранување на утврдените неправилност и понатамошното постапување по предметот .

Најчесто утврдена неправилност и недостатоци:

- Неадекватен, нефункционален и формален План за индивидуална работа со корисник на социјални услуги.
- Корисниците не се вклучени во планирањето на активностите содржани во Индивидуален план за работа со корисник на социјални услуги.
- Недоволна примена на соодветни методи, техники и скали за проценка на кориснците.
- Неаргументирани стручни наоди и мислења.
- Отсуство, недоволна или несоодветна примена на мерките од надзорот над вршење на родитеското право.

Мерките и/или препораки кои најчесто се определуваат се во корелација со наведените недостатоци и неправилности со цел нивната реализација и имплементирање во стручната работа.

## **4.** ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

**По однос на содржина на претставките**

1. Корисниците изразуваат **не**доверба спрема објективноста и професионалноста на стручните лица во ЦСР, имаат сопствени очекувања за начинот на водење на постапките, за нивниот тек и за крајниот исход. Ова може да биде во корелација со тоа дека корисниците не се во доволно информирани и активно вклучени во постапките кои се водат во ЦСР, како и при планирање на цели и одредување на активности и согледување на сопостевената одговорност за надминување на неповолната состојба.
2. Порастот на изразено незадоволство поради ненавремено преземање на мерки на помош и заштита во еден дел се должи и на вонредните околности во 2020 година. Пролонгираните рокови за постапување заради целокупната состојба во државата со епидемијата со Корона вирусот, прогласени вонредни и кризни состојби, ограничување на движење, специфични мерки на Владата, ослободување од работа на одредени категории на граѓани, редуциран број на стручни лица во ЦСР заради болест, изолации, карантин, недостапност на надворешни ресурси и сл.
3. Во контекст на вонредните околности и пандемската состојба, забележливо е незадоволството на корисниците од начинот на одржување на личните односи и непосредни контакти на децата со родителите со кои не живеат, како и одржувањето на контактите со блиските сродници.
4. Од увидот во содржината на претставките поднесени од корисниците, се констатира зголемен број на постапувања каде родителите (еден од нив или двајцата) живеат во странство, а поднесуваат барања за разни постапки (развод на брак, доверување на дете, регулирање на лични односи и непосредни контакти со децата) до судот или во центрите за социјална работа, што претставува посебен предизвик за постапување на центрите и потреба од заеднички активности со институции во државата ( МВР, МНР, ДКП ), но и со институции од социјален карактер во државите каде живеат/престојуваат корисниците, што често ја одолговлекува постапката.

**По однос на спроведување на стручната работа**

1. Во делот на вршење на проценката се констатира дека во одреден дел од предметите стручните лица немаат доволно вештини и знаења како добиените сознанија од користена техника или инструмент за проценка на корисникот, да ги стават во функција на релевантни елементи врз кој се

донесува одлука и се изработува наод и мнислење. Техниката „Триаголник- во мојот свет“ како основа за утврдување на најбитни сегменти за состојбата и потребите на корисникот преку холистички пристап на правење проценка, во 2020 година е применета само во 4% од предметите за кои е извршен надзор над стручната работа.

2. Како недостаток и понатаму се констатира недоволната аргументираност на донесените одлуки, мислења, заклучоци и препораки од страна на стручните лица во ЦСР. Во голем дел на предметите наодот и мислењето не го одразуваат профилот на стручниот работник кој го изработува, односно наодите содржат елементи кои не се соодветни за тој стручен профил и недостасуваат аргументи и факти врз кои е изградено стручното мислење. Ова е во корелација со недоволно реализирана продлабочена проценка на корисникот како основа на донесување на стручното мислење.

3. Има унапредување на функционалноста на Индивидуален план за работа со корисник на социјални услуги, генерално во делот на активностите кои се однесуваат на стручните лица во ЦСР. Се уште од страна на стручните лица не се препознава потребата од активно вклучување на корисникот во сите фази на постапката, во заедничко определување на цели кои сакаат да се постигнат, при планирањето на активности и рокови кои се реално остварливи и може да се следат, да се евалуират и да резултираат со намалување /надминување на ризикот и подобрување на состојбата на корисникот.

4. Во 50% од предметите врз кои е извршен надзор нема примена на мерки од надзорот над вршење на родителското право, а за кои е констатирано дека содржат елементи кои укажуваат на потребата од преземање на оваа заштитна мерка.

5. Од увидот во предметите во кои се донесени решенија со кои се определува надзорот над вршење на родителското право се воочува одреден напредок, и тоа во определување на задачи и активности на родителите заради задоволување на одредени потреби на детето. Меѓутоа, и во оваа постапка недостасува активна партиципација на родителите, што директно се одразува на неефективност на мерката. Причините за недоволната партиципација на корисниците, покрај објективни отежителни околности во услови на пандемијата, најчесто се однесуваат на немотивираноста на родителите за промена на личните ставови, однесување и одговорност спрема потребите и интересите на детето, за што е потребен континуитет и посветена стручна работа на ЦСР и вклученост на дрги вклучени други релевантни субјекти.

6. Од спроведените надзори се забележува зголемен број на надзори во два центри кои имаат заеднички предмет, како последица од разделување на родителите и живеење во различни градови поради што се појавува и месната надлежност на двата центри. Ваквата флуктуација и движење на

населението низ државата ја засилува потребата од поинтензивна и континуирана соработка помеѓу центрите за социјална работа, унифицираност на постапките, методите и техниките за проценка на корисниците со цел донесување на објективни и релервантни одлуки кои се во најдобар интерес на детето.

## 5. ПРЕПОРАКИ

Во согласност со општествената состојба и работењето во услови на пандемијата, во насока на заштита на здравјето на корисниците и на стручните лица во центрите за социјална работа, пружањето на социјални услуги кои се однесуваат на проблематиката брак и семејство да се насочат на следното:

1. **<u>Професионално, стручно, компетентно, ефикасно и ефективно постапување при што е потребно да се :</u>**

- применуваат принципите на интегрирано водење на случаи;
- почитуваат принципите и начелата на кои се базира социјалната заштита и работа со корисниците;
- почитува Етичкиот кодекс за стручните работници во дејноста на социјалната заштита ;
- зајакне доверба и соработка со корисниците преку нивното сеопфатно информирање, активно вклучување и нивна партиципација во сите фази на постапката, од проценка до донесување на одлуки и решенија релаванти за корисниците;
- применуваат профилирани стручни знаења и вештини во сите фази на постапката, со цел донесување на аргументирани мислења и одлуки и изготвување на соодветна стручна документација;
- применуваат соодветни мерки од надзорот над вршење на родителското право на еден или на двата родитела во функција на помош и подршка на родителите, а заради промена на нивните вештини во насока на квалитетно и одговорно родителство;
- почитува определениот рок за реализација на мерките и/или препоракитеопределени од страна на Заводот по извршен надзор над стручната работа во конкретен предмет и редовно и по потреба да се доствуваат извештаи и стручна документација за реализација на мерките и/или препораките и за актуелната состојба.

**<u>2. Унапредување на знаењата и вештините на стручните работници</u>**

- учество на континуирана професионална едукација на теми кои се од интерес за стручните работници (домашно законодавство, меѓународни договори и конвенции ) и примена на добиените знаења и вештини во секојдневната стручна работа;
- учество на едукација за практична примена на знаења и вештини за употреба на методи, техники, и инструменти на процена на корисниците како и примена на добиените информации и сознанија од проценката во стручната документација и планирање на работата со корисникот;

- учество на едукација за стандарди и процедури за работа на стручните работници во ЦСР за проблематиката брак и семејство и
- реализирање на работни и координативни средби во насока на давање стручна помош и поддршка на стручните работници за преземање на понатамошни активности во најдобар интерес на детето.

**3. Меѓуинституционална соработка**

Продолжување и унапредување на соработка со други овластени даватели на социјални услуги и институции од други ресори (суд, МВР, здравство, образование, локална самоуправа, НВО, ГО и тн).

**Изработиле**

Емилија Раткова, советник
Аленка Б.Арсеновски, советник
Ана Павловска, советник

## 6. ПРИЛОГ

**Прашалник за констатирана состојба и податоци при спроведување надзор над стручната работа во предмети на проблематика брак и семејство во ЦСР**

Надзор по предмет (презиме на подносител):

Во ЈУ МЦСР/ЦСР:

Датум на надзор:

Стручен тим кои постапува во ЦСР:

Координатор на предметот:

Координатор и тим на надзорот во ЈУ ЗСД:

| Реден број | Индикатори | Утврдена состојба | Коментари и забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | Надзорот по предметот во тековната 2019 година ЈУ Завод за социјални дејности го спроведува | ☐ Прв пат<br>☐ Втор пат<br>☐ Повеќе пати | |
| 2. | Доколку ЈУ ЗСД во тековната 2019 или во претходните години веќе има постапувано по претставка за истиот предмет (се пополнува ова прашање) : | ☐ Центарот постапил во определениот рок за постапување<br>☐ Центарот доставил Известување за преземените активности<br>☐ Центарот не доставил известување<br>☐ ЈУЗСД писмено се обратил до Центарот со барање за Известување по однос на мерките/препораките<br>☐ Центарот во заштита на детето постапил по мерките и препораките, но не се постигнати ефектите/очекувањата(да се образложи зошто) | |
| 3. | Претставката преку Министерството е поднесена од страна на: | ☐ Татко<br>☐ Мајка<br>☐ Блиски сродници<br>☐ Дете<br>☐ Училиште<br>☐ Народен Правобранител<br>☐ Судот<br>☐ Невладина организација<br>☐ Друго (да се наведе) | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4. | По предметот постапувал друг Орган/Институција: | ☐ Социјална инспкција<br>☐ Народен Правобранител<br>☐ Друг орган (наведи) _______________<br>☐ МТСП (жалбена постапка)<br>☐ Нема | |
| 5. | Претставката се однесува на: | ☐ Субјективност и непрофесионалност на стручните лица<br>☐ Неаргументираност во донесувањето на одлуките;<br>☐ Неинформираност за донесената одлука по завршувањето на постапката во ЦСР;<br>☐ Вклучување/не вклучување на детето во стручната работа;<br>☐ Неефикасност во извршување на решенија донесени од страна на ЦСР;<br>☐ Ненавремено превземање на мерки на помош и заштита;<br>☐ Друго (да се наведе): | |
| 6. | Во претставката се посочува конкретно стручно лице/тим: | ☐ Да Име/презиме_______________<br>☐ Не | |
| 7. | Надзорот се однесува за постапка: | ☐ Постапка за развод/ доверување на дете на родител<br>☐ Регулирање на лични односи и непосредни контакти со родител<br>☐ Регулирање на лични односи и непосредни контакти со близок сродник<br>☐ Вршење надзор на родителското право<br>☐ Одземање на родителското право<br>☐ За иселување<br>☐ Вонбрачно доверување<br>☐ Измена на одлука за доверување<br>☐ Семејно насилство<br>☐ Друго (да се наведе) | |
| 8. | Проценката на родителите е спроведена преку: | ☐ Директна работа со двајцата родители<br>☐ Само со едниот родител кои е подносител на претставката<br>☐ Само со другиот родител<br>☐ Родителите не се вклучени<br>☐ Преку други ресурси (кои): ___________________ | |
| 9. | Проценката со детето е спроведена преку: | ☐ Директна работа со дете<br>☐ Работа со родители<br>☐ Вклученост на други семејни и социјални ресурси и тоа: ___________________<br>☐ Не е спроведена | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10. | Применети методи и техники во постапка | ☐ Триаголникот на мојот свет/Рамка за проценка<br>☐ Скали на проценка (кои) ___________________<br>☐ Увид<br>☐ Други техники ___________________<br>☐ Не се применети | |
| 11. | Во стручната работа се вклучени: | ☐ МВР<br>☐ Здравство<br>☐ Суд<br>☐ Советувалиште<br>☐ Образование<br>☐ Друго (да се наведе):<br>☐ Нема реализирано соработка | |
| 12. | Стручнта документација содржаи елементи од проценката: | ☐ Да<br>☐ Делумно<br>☐ Не ___________________ | |
| 13. | Индивидуалниот план за работа со корисникот е: | ☐ Формален, без вклученост на корисникот<br>☐ Функционален, со вклученост на корисникот<br>☐ Нема Индивидуален план | |
| 14. | Применети мерки на заштита за дете: | **Превентивни**<br>☐ Предупредување на родители<br>☐ Укажување на родителите<br>☐ Упатување на родителите (каде) ___________________<br><br>**Репресивни**<br>☐ Донесено решение за надзор над родителско право<br>☐ Одземање на родителско право<br>☐ Ограничување/забрана за вршење на РП<br>☐ Времено ќе го довери на другиот родител/трето лице/родител<br>☐ Друго___________________<br>☐ Нема преземени мерки | |
| 15. | Центарот во заштитата на правата и интересите на детето донел/а: | ☐ Решение за регулирање на лични односи и непосредни контакти<br>☐ Спогодба за регулирање на лични односи и непосредни контакти<br>☐ Друго ( се наведува видот на Решението како репресивна мерка) ___________________<br>☐ Не ги заштитил правата на детето | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. | За предметот е иницирана постапка пред  други органи: | ☐ Управен Суд<br>☐ Европски суд за заштита за човекови права<br>☐ Други институции ___________________<br>☐ Се постапува/ло по Хашка конвенција<br>☐ Нема | |
| 17. | По извршен надзор ЈУ ЗСД определил: | ☐ Мерки<br>☐ Препораки<br>☐ Мерки и препораки | |
| 18. | Предметот со податоци и дадени услуги е внесен во електронската база Лирикус | ☐ Да, редовно се ажурира<br>☐ Да, но нема тековно ажурирање<br>☐ Не е внесен во базата | |